USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Проект за меѓуетничка интеграција во образованието**

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието

## Август 2013

---

## I. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

### Компонента 1 - Информирање на јавноста и на заедниците

- **Одржани подготвителни состаноци со партнерските организации Македонски Институт за Медиуми (МИМ), Македонски Образовен Форум (МОФ) и ЦИУ Мултимедија** за организирање на обуките, работилниците, дебатните како и промотивните настани .
- **Организирана посета на Куманово по повод промоцијата на креативниот процес** од кој е изработен краток филм и кој ќе биде презентиран свечено на 19 септември 2013.
- **Организирање на средби со новинари и уредници за покривање на активностите на ПМИО.** Средба беше организирана со преставник на Тера ТВ од Битола со кого беше разговарано и договорено на континуирано покривање и известување на активностите на ПМИО во наредниот период.
- **Редовно информирање на институциите, општините и училиштата за активностите** во текот на месец август опфатија редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и приказни за текот на активностите преку веб-страна на проектот: www.pmio.mk. Исто така беше изработен првиот билтен кој ќе се сподели со сите образовни институции, училишта, општини, меѓународни и донаторски организации.

### Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците

- **Еднодневна работилница со мастер обучувачите за подготовка на обуките со тимовите за училишна интеграција од втората фаза** се оддржа во август 2013 година за унапредување на компетенциите на мастер обучувачите за успешно спроведување на училишни обуки од втората фаза.
- **Обуки на тимови за училишна интеграција од втората фаза** се организираа во текот на месец август за запознавање на учесниците со концептот за меѓуетничка интеграција во образованието кој што промовира модел на образование за заеднички наставни и вон наставни активности со етнички/јазично мешани групи ученици.
- **Одржани координативни состаноци** помеѓу општинските одговорни лица и менторите со директорите на училиштата и координаторите на Тимовите за училишна интеграција во пилот-општините (Битола, Бутел, Струмица и Тетово) за поддршка на училиштата во интегрирање на планот за активности за меѓуетничка интеграција во ГПРУ (Годишниот план за работа на училиштето).
- **Дводневна прва работилница на ПМИО со наставниот кадар од факултетите за идни наставници** се одржа во Дојран крај на август 2013 со цел да се иницира

процесот за интегрирање на концептот за меѓуетничка интеграција во високото образование кон обезбедување одржливост на меѓуетничката интеграција во образовниот систем.

- **Процесот на вградување на меѓуетничка интеграција во образованието во Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата** е завршен во соработка со инспектори од ДПИ**.**
- **Изготвен прирачникот "Квалитетот на воспитно – образовниот процес во основните и во средните училишта во Република Македонија 2012/13"** кој ќе се промовира од страна на МОН и ДПИ.

**Компонента 3 – Модел училишта**

- **Обуки за наставници од модел училиштата за реализирање на заеднички ученички активности** беа одржани во секое модел училиште/партнер модел училиште, на кои беше претставена методологијата на работење со етнички/јазично мешани групи ученици.
- **Обука за стручната служба и училишното раководство од партнер модел училиштата за демократски избори на ученичките тела (класна/одделенска заедница и училишна заедница)** се организираше во месец август и на училиштата им беа доставени материјали за процедурите за демократски избор на ученичките тела.
- **Додатокот на прирачникот за заеднички активности: Игри за поддршка на заедничките активности со групи ученици со мешан етнички/јазичен состав** е финализиран и ќе се користи за активности кои се препорачува да се реализираат на самата завршна средба од некоја група со мешан етнички/јазичен состав на ученици.
- **Модулот за соработка на наставници преку стручните активи** е во подготовка**.** Истиот ќе се користи за обука на наставници за остварување соработка, посебно со наставници од основните и средните модел училишта.

**Компонента 4 - Стимул за училиштата**

- **Технички прием**. Комплетирани се активностите за реновирања во седум училишта, организирани се состаноци со изведувачите, надзорите, претставници од училиштата и општините и направени се технички приеми на сите седум објекти.
- **Опрема за одржување на училишни објекти**. Во сите седум реновирани училишта испорачана е опрема за одржување на училишните објекти и прирачник за нивна употреба.
- **Месечни состаноци за следење на работата за одржување на училиштата**. Организирани се месечни состаноци со секретарите на училиштата и техничкиот персонал за следење на работата за одржување во пилот училиштата.

## II. ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ

### Компонента 1- Информирање на јавноста и заедниците

- Свечен настан на сечење на лента, со цел да се одбележи успешното завршување на реновирањето на училиштето Димитар Миладинов во Скопје во соработка со училиштето и општината. На настанот ќе присуствува висок претставник од Националната Гарда од Вермонт, Амбасадорот на САД во Македонија, Министерот за Образование и Наука, градоначалникот на општина Центар, претставници од УСАИД, претставници на образовните институции, наставници, родители, ученици и претставници од локалната заедница.
- Започнување на процесот на формирање на нови дебатни клубови и нивна обука во 8 училишта во општините Велес, Куманово, Струга, Штип, Кичево, Кратово, Центар и Гази Баба.
- Промотивни настани на креативни производи од училиштата кои беа дел од креативните работилници во општини вклучени во втора фаза на имплементација.
- Организирање на осум дводневни обуки со наставници за изработка/продукција на мултимедијални содржини со помош на реномирани новинари и уредници во општините избрани за 2013.

### Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците

- Продолжување со организација на обуки и менторски средби со тимови за училишна интеграција од пилот училиштата и училиштата од втората фаза.
- Подготвителните настани за заеднички спортски и забавни игри на/со учениците во училиштата Наим Фрашери од општина Тетово и Адем Јашари од општина Чаир. Продолжување со подготовки за три настани, од кои два се по 180 ученици и третиот завршен настан со вклучување на сите 360 ученици од 8 -те основни училишта.
- Еднодневни обуки за одговорните лица од општините вклучени во Фаза 2 со учество на двајца претставници од секоја општина.
- Продолжување на соработката со факултетите за идни наставници и подготовка на работилницата за наставен кадар на факултетите наменета за наставници и советници од БРО.
- Подготовка на еднодневните обуки за претставниците на училишните одбори и за стручните соработници од 194 училишта, вклучени во фаза 2 на ПМИО.
- Промоција на прирачникот „Квалитетот на воспитно – образовниот процес во основните и средните училишта во Република Македонија 2012/13“.

### Компонента 3 – Модел училишта

- Реализирање консултативни средби со ТУИ на училиштата.
- Обука за наставници од модел училиштата за соработка преку стручните активи.
- Обука за мониторинг на активности за претставници од партнер организациите.
- Обука за наставници за реализирање на заеднички активности преку редовната настава.
- Обука за наставници за реализирање на мултикултурни работилници.

**Компонента 4 - Стимул за училиштата**

- Потпишување на Меморандум за соработка со општина Кочани и ОУ Никола Карев.
- Објавување на јавен тендер за избор на градежна компанија за имплементација на активностите за реновирање на ОУ Никола Карев.
- Евалуација на прворангирани три компании за изведба на проект во ОУ Никола Карев, Кочани.
- Комплетирање на активностите за реновирање во три училишта и организирање на технички приеми.
- Испорака на опрема за одржување на училишните објекти во три училишта во кои ќе заврши реновирањето.
- Организирање на менторски средби во пет училишта кои следат како дел од Модул 1 од обуката за одржување на училишта.
- Организирање на месечни состаноци за следење на работата за одржување во пилот училиштата.